Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневните настани 13.06.2023

Денеска (13.06.2023) во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Г.С.(36) од Тетово, Н.А.(49) од тетовско Џепчиште и М.Н.(53) од тетовско Желино. Тие се сомничат дека на 12.06.2023 околу 19.00 часот на улица „29 Ноември" во Тетово од товарно возило „опел виваро" со гостиварски регистарски ознаки, сопственост на Л.А.(52) од Гостивар, одземе пари во различни девизи и апоени и други предмети. Парите и другите предмети биле пронајдени и ќе бидат вратени на сопственикот. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.06.2023, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.Т.(27) од Велес. Тој се сомничи дека во текот на денот од три продажни објекти во Велес одзел повеќе предмети. Дел од одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопствениците, а лицето било задржано во Полициската станица Велес. По целосно документирање на случаите против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.06.2023 во 16.30 часот на ул.„Васил Ѓоргов" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и Одделението за криминалистички работи при ЕВР Гази Баба го лишиле од слобода К.С.(24) од Германија, со привремен претстој во Скопје. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба на Јавен обвинител за издржување мерка притвор поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела по член 386 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на мерката притвор.

На 12.06.2023 во 18.00 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Д.К.(25) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени две дробилки и други предмети со остатоци од марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.006.2023 околу 17.00 часот, полициски службеници од мобилната единица при Одделот за гранични работи и миграции при МВР ги лишиле од слобода К.Б.(38) од Гостивар и Г.П.(46) од Кичево. Околу 17.00 часот на магистралниот пат Кичево-Гостивар, во близина на планинскиот превој „Стража", полициските службеници извршиле контрола на товарно возило „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од К.Б., при што констатирале дека со возилото врши транспорт на огревно дрво без документација. Додека, пак Г.П., референт во Шумското стопанство „Лопушник", бил приведен затоа што навремено не издал испратница за дрвата. Возилото и огревните дрва биле одземени и предадени на Шумската полиција од Кичево, а по документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 12.06.2023 во 22.10 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.О.(36) од Скопје бидејќи кај него биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и халуциногена печурка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.06.2023 во 17.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.А.(23) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.06.2023 во 16.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од ЕВР Аеродром и Драчево ги лишиле од слобода Ж.Т.(38) и И.Д.(40), двајцата од Скопје, бидејќи кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.06.2023 на граничен премин Богородица, полициски службеници го лишиле од слобода К.В.Е.П.(52) од Перу. При пасошка и контрола на возилото „мерцедес" со грчки национални ознаки, кое го управувал, на увид приложил перуанска возачка дозвола за која било констатирано дека е фалсификувана. Лицето било предадено на Полициската станица Гевгелија и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.06.2023 во 11.30 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода С.Е.(34) од Косово затоа што при пасошка контрола било констатирано дека тој бил барал од Интерпол. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (12.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 205 возачи. Од нив пет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 134 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 71 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (12.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 156 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 24 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се 15 мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), девет санкции за некористење сигурносен појас, четири мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

На 12.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 10 во населено место и 7 надвор од населено место. Санкционирани биле и 13 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 3 за возач почетник, 1 за технички неисправно возило и 2 за непрописно паркирање.

На 12.06.2023 во 20.32 часот во СВР Битола било пријавено дека на стариот пат Ѓавато – Тополчани, кај с.Могила, битолско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен" со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.С.(37) од с.Могила и патничко возило „опел вектра" со битолски регистарски ознаки, управувано од Б.Н.(20) од с.Беранци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Г.С., а возачот Б.Н., В.С.(56) од с.Могила, сопатник во возилото „цитроен", М.А.(32) и М.Б.(21), двајцата од с.Беранци, сопатници во возилото „опел вектра", се здобиле се телесни повреди констатирани во болницата во Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 12.06.2023 во 21.08 часот во ОВР Крушево било пријавено дека на регионалниот пат Крушево - Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „нисан" со крушевски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(51) од Крушево и трактор без регистарски ознаки управуван од А.А.(41) од с.Алданци, крушевско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во возилото „нисан", М.Н.(35) од Крушево, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и М.Ј.(38) од с.Норово, сопатник во тракторот, констатирани во болницата во Прилеп. Увид извршила увидна екипа на ОВР Крушево.

СВР Битола, до Основното јавно обивнителство Битола, поднесе кривична пријава против Д.Т.(58) од Демир Хисар поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување" казниво по член 353 од Кривичниот законик. Пријавениот Д.Т., во својство на заменик командир на Шумска полиција во Демир Хисар, во два наврати постапил спротивно на неговите овластувања. Имено, во с.Смилево и с.Прибилци биле затекнати две лица како со возила превезуваат огревно дрво без документација, но пријавениот, иако бил должен, не поднел барања за поведување прекршочна постпак против лицата, а наредниот ден им ги враќал возилата.

На 12.06.2023 во с.Подлес, општина Градско, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода С.И.(61) од с.Подлес. Околу 16.10 часот пред неговата куќа, тој, по претходна расправија, од пиштол „Црвена застава" испукал неколку куршуми кон М.Д. (42) и М.В.(44), двајцата од Велес. Од здобиените повреди во амбулантата во с.Градско починал М.Д., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Додека, М.В. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во болницата во Велес за укажување помош. Пиштолот бил пронајден и одземен, а С.И. бил задржан во полициска станица. Увид на местото извршиле екипа од СВР Велес и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 12.06.2023 во 09.30 часот во близина на основно училиште на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово привеле малолетник од Тетово затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 12.06.2023 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Ѓорче Петров" и ул.„Македонска војска" во Скопје, електричен велосипед управуван од Н.М.(26) од Скопје удрил во пешакот Д.К.(75) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.06.2023 во 07.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје, во автобус на ЈСП паднала патничката А.Н.(61) од Скопје. Во несреќата А.Н. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.06.2023 во 10.00 часот, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Ф.И.(41) од Гостивар затоа што агресивно се однесувал и се заканувал на полициски службеници и лица од екипата на Итна медицинска помош Гостивар, кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.06.2023 во 23.40 часот во СВР Скопје, Н.А.(37) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Чаир, по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.06.2023 во 11.30 часот во СВР Скопје, Л.М.(44) од Скопје пријавила дека на 11.06.2023 околу 22.00 часот на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.06.2023 во 11.20 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата - Влае 2 се оддалечил нивниот штитеник Л.Б.(16), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.06.2023 околу 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Благоја Стефковски" во Скопје, патничко возило „фолксваген поло", сопственост на МВР, удрило во малолетничка од Скопје. Во незгодата телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а за настанот бил известен и Одделот за внатрешна контрола при МВР.

На 12.06.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Чаир, 50 – годишна и 40 – годишна жена од Скопје пријавиле дека во спортска сала на подрачје на Радишани нивните малолетни ќерки биле допирани по телото од тренер по тенис. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.06.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, И.Д.(20) од Велес пријавил дека околу 12.30 часот на Железничка станица Скопје едно лице со закана со остар предмет му одзел личен предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.06.2023 во 15.00 часот во Полициското одделение Галате, 26-годишната М.Д. од гостиварско Дебреше пријавила дека во селото била нападната од кучиња скитници, при што паднала и се здобила со повреди.

На 12.06.2023 во 22.15 часот, Д.К.(21) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „4 Јули" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.С.(58) од село Боговиње, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда". На 15.09.2022 во Тетово, по претходна расправија, пријавениот упатил закани кон жена од Тетово барајќи и 3.500 евра по основ на долг од нејзиниот поранешен сопруг, по што ја принудил да потпише изјава дека лично ќе му ги врати парите.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.А.(46) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење на службено дејствие". На 02.03.2023 во Тетово, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.А.(35) од село Зајас, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.08.2022 во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над женско лице од село Пласница, при што пронашле и одзеле ќесе со остатоци од кокаин, кој претходно го набавила од пријавениот.

На 12.06.2023 година во 17.34 часот, во ОВР Струга пријавено е дека малолетник од струшкото село Ложани, од основно училиште во Струга каде учел, одзел рачна школска бомба модел БРМ 75. Полициски службеници извршија увид, по што истата е одземена.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Х.(50) од село Врапчиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 12.03.2023 во село Врапчиште, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Н.М.(27) од село Тремник, неготинско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 14.08.2022, пријавениот му овозможил на малолетник од село Тремник да консумира марихуана и амфетамин, кои биле пронајдени и одземени кај малолетникот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Е.О.(25) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,овозможување на употреба на наркотични дроги". Полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и семки од растението канабис. Исто така, по преземени мерки било утврдено дека пријавениот овозможил на друго лице од Делчево во неговиот дом да користи дрога.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Б.С.(26) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.08.2022 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед во возилото на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, за која утврдиле дека ја користел со уште едно лице сопатник во возилото.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против С.М.(54) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" и против А.Ј.(21) од Богданци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На 26.10.2022, првопријавената, во својство на продажен агент во продажен салон на мобилен оператор во Струмица, при вршењето на службените задачи, неводејќи сметка за личните податоци и овозможила на второпријавената без согласност од А.С. од Богданци да склучи анекс на нејзиниот договор и на тој начин да купи нов мобилен телефонски апарат.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.Т.П. (28) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" и против А.Ј.(21) од Богданци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На 12.08.2022, првопријавената, во својство на продажен агент во продажен салон на мобилен оператор во Скопје, при вршењето на службените задачи, неводејќи сметка за личните податоци и овозможила на второпријавената без согласност од А.С. од Богданци да склучи анекс на нејзиниот договор и на тој начин да купи нов мобилен телефонски апарат.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.Д. (29) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" и против А.Ј.(21) од Богданци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". На 30.08.2022, првопријавената, во својство на продажен агент во продажен салон на мобилен оператор во Скопје, при вршењето на службените задачи, неводејќи сметка за личните податоци и овозможила на второпријавената без согласност од А.С. од Богданци да склучи анекс на нејзиниот договор и на тој начин да купи нов мобилен телефонски апарат.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.С.(53) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности", Г.С.(55) и П.С.(50) поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење", против М.Ј.(46) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" и против Д.К. (46), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување службена исправа". На 29.12.2022 година во Катастарска општина Раотинце, прво, второ и трето пријавените узурпирале катастарски парцели во државна сопственост и на В.Н., при што поставиле бетонски столбови со заштитна ограда, а второ и трето пријавените во 2018 и 2022, без поседување на дозвола изградиле и објекти со тврда градба на парцелите кои се во нивна и дел во државна сопственост. На 13.03.2023, четвртопријавениот, во својство на самостоен референт во Одделение за урбанизам при општина Јегуновце, не излегол на место на настан да изврши инспекциски надзор и по однос на доставеното барање доставил одговор со невистинити податоци, а петтопријавениот, во својство на градоначалник на општина Јегуновце, потпишал и заверил акт со невистинити податоци дека на катастарска парцела сопственост на Република Северна Македонија нема изградено објект.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет